*Универзитет Скопје*
*Број 09-31/3*
*12.06.2026 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 3/2026

12.јуни, 2026 година
Скопје

# СОДРЖИНА

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА

**д-р ФЉАМУР МИФТАРИ**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**
**од научно-истражувачко подрачје природно-математички науки, научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки, област 1.02.00.02-Информациски науки**

Доц. д-р инж. Павлинка Радойска
Универзитет за телекомуникации и пошти – Софија, Бугарија

Доц д-р инж. Ирина Топалова
Универзитет за телекомуникации и пошти – Софија, Бугарија

Д-р Ѓорги Какашевски, вонреден професор, член
АУЕ ФОН Универзитет, Факултет за информатика, Скопје

**До Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика** на Универзитет Скопје

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на д-р Фљамур Мифтари, во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје Природно-математички науки, научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки, област 1.02.00.02 - Информациски науки.

Во согласност со член 172 и 173 од Законот за Високото образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018) и објавениот Конкурс на Универзитет Скопје во дневниот весник “Нова Македонија” од 19.05.2026 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика на Универзитет Скопје, на седницата одржана на 17.04.26 година, донесе одлука бр. 19-3/3 за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање, за научно-истражувачко подрачје Природно-математички науки, научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки, област 1.02.00.02 - Информациски науки, на Универзитет Скопје.

По објавување на конкурсот, Наставно научниот совет именува Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање за научно-истражувачко подрачје Природно-математички науки, научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки, област 1.02.00.02 - Информациски науки, на Универзитет Скопје, и тоа во состав:

Д-р инж. Павлинка Радойска, доцент, претседател
Универзитет за телекомуникации и пошти – Софија, Бугарија

Д-р инж. Ирина Топалова, доцент, член
Универзитет за телекомуникации и пошти – Софија, Бугарија

Д-р Ѓорги Какашевски, вонреден професор, член
АУЕ ФОН Универзитет, Факултет за информатика, Скопје

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање за научно-истражувачко подрачје Природно-математички науки, научно-истражувачко поле компјутерски и информациски науки, област 1.02.00.02 Информациски науки, на Универзитет Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:

- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 19.05.2026 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа д-р Фљамур Мифтари, и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика на Универзитет Скопје, следниот заеднички

## И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Фљамур Мифтари

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот,
2. Список на научните и стручните трудови според категории,
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018), како и

4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент,
5. Доказ за објавена книга како дел од научната и стручната активност на кандидатот

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот д-р Фљамур Мифтари е роден на 04.09.1990 година во Тетово, со живеалиште во с. Теново. Основното образование го завршил во Теново, а средното образование во Тетово.

Кандидатот првиот циклус на високо образование ги завршил студиите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, каде што по одбрана на дипломската работа го завршил првиот циклус на студии според четиригодишна студиска програма и се стекнал со звањето „Дипломиран менаџер во туризмот“, со 240 ЕКТС и со просечен успех 8,32.

Кандидатот го продолжил своето образование на втор циклус – магистерски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, каде што по одбрана на магистерскиот труд се стекнал со звањето „Магистер по менаџмент во туризмот“, со дополнителни 60 ЕКТС (вкупно 300 ЕКТС) со просечен успех 9,00.

Исто така, кандидатот има завршено и педагошка доквалификација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се стекнал со 30 ЕКТС и со просечен успех 9,60.

Потоа, кандидатот го завршил и третиот циклус на студии – докторски студии на Државниот универзитет УНИБИТ во Република Бугарија, на англиски јазик, во научно-истражувачкото поле јавни комуникации и **информациски науки.** По одбрана на докторската дисертација, се стекнал со звањето доктор на јавни комуникации и информатички науки, со просечна оцена 9,33, во докторската програма „Организација и управување на информациски процеси“ („Organization and Management of Information Processes“).

За стекнатата странска високообразовна квалификација, д-р Фљамур Мифтари поседува и решение со кое **се признава** и се врши **еквиваленција** на странската високообразовна квалификација од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, под број УП1 бр. 24-991704 од 03.04.2026 година.

Кандидатот поседува и соодветни сертификати за познавање на странски јазици, и тоа: за англиски јазик две сертификати „Certificate – LONDON Language Center-Tetovo“, прв сертификат со бр. 04/097 и втор сертификат со бр. 03/268, како и за хрватски јазик „Svjedodžba o znanju hrvatskog jezika“ со бр. Urbroj 1702/11. “Од училиште Аморе Лингуа Загреб Република Хрватска.

Во текот на својата кариера, кандидатот се стекнал со признати сертификати:

**Сертификати и професионални обуки**

1. Miftari, F. (2024). **Sustainable Business**. International Business Management Institute, Berlin, Germany. Certificate ID: 1221183-171-788-6568.

2. Miftari, F. (2026). **Digital Transformation**. International Business Management Institute, Berlin, Germany. Certificate ID: 1221183-177-690-5358.

**Академска активност**

Кандидатот има континуирана научна, стручна и академска активност во областа на информациските науки, со посебен акцент на организацијата и управувањето со информациски процеси, менаџментот на информациски системи, квалитетот на информациите, управувањето со знаење и примената на информациските системи во современи организациски средини. Неговата научна активност е насочена кон проучување на информациските процеси како основа за ефикасно функционирање на организациите, донесување одлуки, комуникација, управување со знаење и институционален развој.

Преку објавени научни трудови, конференциски трудови, книга и професионални обуки, кандидатот покажува јасна академска ориентација кон современите информациски процеси, организациските информациски системи, бизнис информатиката и дигиталната трансформација. Дел од неговите трудови обработуваат теми поврзани со квалитет на информации, управување со знаење во современи информациски системи, организациска комуникација, менаџмент на информациски процеси и улогата на информациите во процесите на управување и одлучување.

Работно искуство на кандидатот д-р Фљамур Мифтари во периодот 2023/24 бил ангажиран како предавач на Факултетот за бизнис и економија, Скопје, каде што реализирал настава од областа на менаџмент и организација. Покрај наставната дејност, кандидатот бил активно вклучен во институционални и академски активности поврзани со квалитетот, евалуацијата, акредитацијата и реакредитацијата на студиски програми. Особено значајно е неговото учество како координатор/член на работниот тим за акредитација на студиската програма „Менаџмент на информациски системи (MIS)“, со што неговиот академски ангажман се поврзува со информациските науки, организациските информациски процеси и примената на информациските системи во современи организациски средини.

**Образовен континуитет и научна ориентација кон информациските науки**

Образовниот и научниот развој на кандидатот покажува јасен континуитет во областа на информациските науки, менаџментот и организациското управување. Во рамките на првиот и вториот циклус на студии кандидатот стекнал основа од областа на менаџментот, организациското управување и туризмот, додека преку докторските

студии ја надградил оваа насока кон организација и управување со информациски процеси. Докторската квалификација на кандидатот, стекната во рамките на докторската програма „Организација и управување со информациски процеси“, претставува логична академска надградба на неговото претходно образование и ја насочува неговата научна и наставна активност кон информациските науки, менаџментот на информациски системи, организациските информациски процеси, квалитетот на информациите и управувањето со знаење во современи информациски системи.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

### 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Предавач на Факултетот за бизнис и економија, Скопје (2023/24)

### 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Фљамур Мифтари во својата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент, изработил и одбранил докторска дисертација и објавил повеќе научни трудови во меѓународни списанија, зборници на трудови и конференциски публикации. Неговата научна активност е насочена кон областа на информациските науки, организацијата и управувањето со информациски процеси, менаџментот на информациски системи, управувањето со знаење, квалитетот на информациите и примената на информациските процеси во современи организациски системи.

Кандидатот има објавено научни трудови од областа на информациските науки, менаџментот на информациски процеси, организациското управување, комуникацијата, управувањето со знаење, квалитетот на информации, невроменаџментот, стратегиското одлучување, туризмот и современите деловни системи. Покрај научните трудови, кандидатот има објавено и книга од научно-стручна област, како и сертификати за професионално усовршување од областа на одржливиот бизнис и дигиталната трансформација.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на научната дејност на кандидатот, и тоа:

- Докторска-дисертација

- Објавени-научни-трудови
- Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на-кандидатот
- Објавена книга и професионални обуки

### 2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на кандидатот д-р Фљамур Мифтари е изработена и одбранета на Универзитетот за библиотекарски студии и информатички технологии — UNIBIT, Софија, Република Бугарија, во рамките на докторската програма „Организација и управување со информациски процеси“.

Насловот на докторската дисертација е:

„The Impact of Tourism on the Economic, Social and Cultural Development of the Republic of Croatia“

Современите организации и институции функционираат во услови на зголемена зависност од информации, знаење, податоци, комуникациски процеси и системи за поддршка на одлучувањето. Во таа насока, информациските науки се наметнуваат како значајно научно поле кое ги проучува процесите на создавање, собирање, обработка, организирање, пренесување, користење и управување со информации во различни организациски и општествени контексти.

Предметот на истражување на кандидатот е поврзан со анализа на развојни процеси, институционални и организациски информации, управувачки одлуки и влијанието на организираните информациски процеси врз економскиот, социјалниот и културниот развој. Иако тематски дисертацијата ја обработува областа на туризмот и развојот на Република Хрватска, нејзината научна вредност се согледува и во поширокиот контекст на организациското управување, анализата на информации, обработката на релевантни развојни податоци и нивната примена во процесите на стратешко планирање и одлучување.

Во современите информациски науки, посебно значење имаат квалитетот на информациите, релевантноста на податоците, нивната точност, навременост, достапност и применливост во управувачките процеси. Токму овие елементи претставуваат основа за донесување квалитетни организациски и институционални одлуки.

Во поширока научна смисла, дисертацијата се поврзува со организацијата и управувањето со информациски процеси, бидејќи обработува прашања поврзани со собирање, анализирање, систематизирање и интерпретација на релевантни информации кои се значајни за развојните политики, управувањето со организации и донесувањето стратешки одлуки.

Главната цел на докторската дисертација е да се анализира влијанието на туризмот врз економскиот, социјалниот и културниот развој на Република Хрватска,

како и да се согледа улогата на организираните информации, управувачките процеси и стратешкото планирање во развојот на современите организациски и општествени системи.

Во рамките на оваа цел, истражувањето опфаќа:

- анализа на улогата на информациите во разбирањето на развојните процеси;
- согледување на врската меѓу управувачките одлуки и релевантните информации;
- анализа на економските, социјалните и културните аспекти на развојот;
- разгледување на организациските и институционалните фактори кои влијаат врз развојот;
- поврзување на информациските процеси со стратешкото управување и планирање.

Во докторската дисертација се применети методи карактеристични за општествените, организациските и информациските науки, особено:

- анализа на научна и стручна литература;
- компаративна анализа;
- описен метод;
- аналитичко-синтетички метод;
- метод на систематизација;
- интерпретација на релевантни информации и развојни показатели;
- анализа на организациски и управувачки процеси.

Применетите методи му овозможуваат на кандидатот да ја разгледа темата од повеќе аспекти и да ги поврзе развојните, организациските и информациските елементи во една поширока научна рамка.

Како финални научни придонеси од докторската дисертација може да се издвојат следните:

- Дисертацијата ја нагласува важноста на информациите како основа за анализа, планирање и управување со развојни процеси.
- Истражувањето ја поврзува организацијата на информации со процесите на управување, стратешко планирање и институционален развој.
- Кандидатот покажува способност за систематско собирање, обработка и интерпретација на релевантни информации во функција на донесување научно засновани заклучоци.
- Дисертацијата претставува основа за понатамошно научно насочување кон информациските науки, менаџментот на информациски системи и управувањето со знаење.

**2.2.2. Објавени научни трудови**

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Фљамур Мифтари, покрај докторската дисертација, има објавено повеќе научни трудови во меѓународни списанија, зборници и конференциски публикации. Трудовите обработуваат теми од областа на информациските науки, организацијата и управувањето со информациски процеси, менаџментот, комуникацијата, туризмот, деловните информациски системи, е-бизнисот, управувањето со информации и знаење и дигитализацијата.

**А1) Научни трудови објавени во меѓународни списанија и публикации**

1. Miftari, F. (2023). *Sustainable Tourism within the National Development Strategy of the Republic of Croatia until 2023*. SCIENCE International Journal, стр. 45–48.
2. Miftari, F. (2023). *The Importance of Tourism in the Development of the Economy of Croatia*. Institute of Knowledge Management, стр. 107–110.
3. Miftari, F. (2023). *Marketing Construction of the Television Message*. Institute of Knowledge Management, стр. 161–164.
4. Miftari, F. (2024). *The Impact of Modern Management Theories*. UTMS Journal of Economics, стр. 99–108.
5. Miftari, F. (2025). *Neuro-Management and Strategic Decision-Making: Integrating Neuroscience into Organizational Leadership and Consumer Behavior*. UTMS Journal of Economics, 16(2), стр. 189–195.

**А2) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции**

1. Miftari, F. (2024). *Management as a Crucial Function of Corporate Success*. Futurity Research Publishing, Полска, стр. 46–51.
2. Miftari, F. (2024). *The Role of Communication in Organizational Management*. SEE University Proceedings, стр. 181–195.
3. Miftari, F. (2024). *Management of Entrepreneurship by Managers and Owners*. UBT Conference, стр. 73–77.
4. Miftari, F. (2024). *The Influence of Management on Financial Development in Private Companies*. ICONBEST Proceedings.
5. Miftari, F. & Kakasevski, Gj.(2024). *Information Quality and Knowledge Management in Contemporary Information Systems*. ICONBEST Conference Proceedings. Достапно на: https://iconbest.utms.edu.mk/images/ICONBEST-2024/Zbornik_ICONBEST2024.pdf
6. Miftari, F. & Kakasevski, Gj. (2025). *Management of Information Processes as a Basis for the Effective Functioning of Organizational Information Systems*. ICONBEST Conference Proceedings. Достапно на: https://iconbest.utms.edu.mk/

**2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот**

**А1) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релевантните библиографски бази на податоци**

**1. Miftari, F. (2023). Sustainable Tourism within the National Development Strategy of the Republic of Croatia until 2023. SCIENCE International Journal, стр. 45–48.**

Трудот ја обработува улогата на одржливиот туризам во рамките на националната развојна стратегија на Република Хрватска. Во трудот се анализира туризмот како значајна развојна гранка, со посебен акцент на одржливиот развој, економските ефекти, институционалното планирање и потребата од усогласување на туристичките политики со долгорочните развојни цели.

Кандидатот укажува дека современиот туризам не може да се разгледува само како економска активност, туку и како сложен организациски систем кој бара прибирање, обработка, анализа и користење релевантни информации. Во тој контекст, трудот ја истакнува важноста на информациската поддршка при следење на туристичките текови, процена на економските ефекти, управување со ресурсите и донесување стратешки одлуки.

Посебно значење во трудот има поврзувањето на туризмот со одржливиот развој, институционалната координација и управувањето со развојни процеси. Трудот покажува дека успешното планирање на туризмот зависи од квалитетни информации, добро организирани процеси и способност на институциите да ги користат податоците за креирање развојни политики.

Научниот придонес на трудот се согледува во поврзувањето на одржливиот туризам со управувачките и информациските процеси, како и во нагласувањето на потребата од квалитетни информации при планирањето на туристичкиот развој. Трудот претставува придонес кон разбирањето на туризмот како организациски и информациски зависен систем.

- Достапност на трудот: https://scienceij.com/index.php/sij/article/download/286/254
- Вид на трудот (категорија): научен труд
- Опсег на трудот: 4 страници
- Објавен во: SCIENCE International Journal
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: https://scienceij.com/index.php/sij/article/view/286
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**2. Miftari, F. (2023). The Importance of Tourism in the Development of the Economy of Croatia. KNOWLEDGE – International Journal, 58(1), стр. 107–110.**

Трудот ја анализира важноста на туризмот во економскиот развој на Република Хрватска. Во него се разгледуваат економските ефекти на туризмот врз националната економија, вработувањето, приходите, регионалниот развој и општата стопанска активност. Туризмот е претставен како сектор кој има директно и индиректно влијание врз повеќе економски и општествени процеси.

Во трудот се укажува дека развојот на туризмот бара добро организирани информации, анализа на туристички показатели, координација помеѓу институциите и правилно управување со ресурсите. Туризмот се третира како динамичен систем во кој успешното функционирање зависи од планирање, комуникација, обработка на информации и донесување рационални управувачки одлуки.

Посебен акцент е ставен на улогата на туризмот во создавањето економска вредност и во поттикнувањето на развојни процеси. Трудот покажува дека туризмот, како комплексен сектор, бара систематско следење на податоци, анализа на трендови и примена на информации во креирањето економски политики.

Научниот придонес на трудот се согледува во објаснувањето на туризмот како фактор на економски развој и како систем кој бара информациска, организациска и управувачка поддршка. Трудот ја нагласува важноста на информациите и управувањето за подобрување на конкурентноста и развојниот потенцијал на туристичкиот сектор.

- Достапност на трудот: https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6084
- Вид на трудот (категорија): научен труд
- Опсег на трудот: 4 страници
- Објавен во: KNOWLEDGE – International Journal, 58(1)
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISSN 1857-923X; DOI: https://doi.org/10.35120/kij5801107m
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**3. Miftari, F. (2023). Marketing Construction of the Television Message. KNOWLEDGE – International Journal, 58(1), стр. 161–164.**

Трудот ја обработува конструкцијата на телевизиската порака од аспект на маркетингот, комуникацијата, информацијата и медиумското влијание. Во трудот се анализира начинот на кој телевизиската порака се создава, обликува, структурира, пренесува и прима од страна на јавноста.

Кандидатот ја разгледува телевизиската порака како комуникациска и информациска содржина која се создава во определен медиумски, маркетинг и социјален контекст. Во трудот се нагласува значењето на информацијата, симболите, комуникацискиот канал, целната публика и начинот на интерпретација на пораката во процесот на медиумско влијание.

Трудот покажува дека телевизиската порака не е само маркетинг инструмент, туку и организирана информациска содржина која се пренесува преку медиумски

систем. Во таа смисла, пораката се анализира како резултат на комуникациски процес во кој информацијата се обликува, кодира, пренесува и интерпретира.

Научниот придонес се согледува во поврзувањето на медиумската комуникација со организацијата, обликувањето и преносот на информации преку медиумски канали. Трудот дополнително го потврдува интересот на кандидатот за информации, комуникација, пораки, медиумски системи и нивното значење во современото општество.

- Достапност на трудот: https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6093
- Вид на трудот (категорија): научен труд
- Опсег на трудот: 4 страници
- Објавен во: KNOWLEDGE – International Journal, 58(1)
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISSN 1857-923X; DOI: https://doi.org/10.35120/kij5801161m
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**4. Miftari, F. (2024). The Impact of Modern Management Theories. UTMS Journal of Economics, 15(1), стр. 99–108.**

Трудот ги обработува современите менаџмент теории и нивното влијание врз организациското функционирање. Во него се анализираат современи пристапи во управувањето, лидерството, организациското однесување, координацијата, контролата и процесите на донесување одлуки во деловните системи.

Во трудот се истакнува дека современите организации функционираат во услови на динамични промени, зголемена комплексност и потреба од брза адаптација. Во такви услови, менаџментот сè повеќе зависи од информации, знаење, комуникација и систематско организирање на работните процеси. Кандидатот ја анализира потребата од примена на современи менаџмент концепти кои овозможуваат подобра координација, поефикасна организациска структура и поквалитетно одлучување.

Трудот има значење и од аспект на информациските науки, бидејќи ја нагласува улогата на информациите во управувањето, организациската ефективност и процесите на одлучување. Современите менаџмент теории се поврзуваат со информациските текови, комуникацијата, знаењето и организациското учење.

Научниот придонес на трудот се согледува во систематизацијата на современите менаџмент теории и во поврзувањето на управувањето со информациите, организациските процеси и одлучувањето. Трудот придонесува кон разбирањето на менаџментот како процес кој се потпира на информации, анализа, координација и организациско знаење.

- Достапност на трудот: https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.15.No.1/11.THE-IMPACT-OF-MODERN-MANAGEMENT-THEORIES.pdf
- Вид на трудот (категорија): научен труд / preliminary communication
- Опсег на трудот: 10 страници
- Објавен во: UTMS Journal of Economics, 15(1)
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: https://scholar.google.hr/citations?view_op=view_citation&hl=hr&user=angRSQwAAAAJ&authuser=1&citation_for_view=angRSQwAAAAJ:qjMakFHDy7sC
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор
- JEL класификација: M2, M1, E63, C0

**5. Miftari, F. (2025). Neuro-Management and Strategic Decision-Making: Integrating Neuroscience into Organizational Leadership and Consumer Behavior. UTMS Journal of Economics, 16(2), стр. 189–195.**

Трудот обработува современа интердисциплинарна тема која ги поврзува менаџментот, стратегиското одлучување, организациското лидерство, потрошувачкото однесување и сознанијата од невронауката. Во трудот се анализира начинот на кој човечкото однесување, когнитивните процеси, емоционалните реакции и психолошките фактори влијаат врз организациското одлучување и лидерските практики.

Посебно внимание се посветува на фактот дека современото стратегиско одлучување не се базира само на формални економски показатели, туку и на информации, знаење, интерпретација на податоци и разбирање на човечкото однесување во организациски и пазарни услови. Трудот ја истакнува потребата од интегриран пристап во кој менаџментот, информациите, когнитивните фактори и организациското однесување се разгледуваат како меѓусебно поврзани елементи.

Во трудот се анализира невроменаџментот како нова интердисциплинарна област која може да помогне во подобро разбирање на лидерството, мотивацијата, однесувањето на потрошувачите и организациското одлучување. Во тој контекст, информациите, знаењето и човечката перцепција се разгледуваат како важни фактори во процесот на управување.

Научниот придонес се состои во поврзување на невроменаџментот со стратегиското одлучување и современото организациско лидерство. Трудот придонесува кон разбирањето на одлучувањето како процес кој зависи од информации, знаење, човечко однесување, комуникација и организациски контекст.

- Достапност на трудот: https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.16.No.2/4.NEURO-MANAGEMENT-AND-STRATEGIC-DECISION-MAKING-INTEGRATING-NEUROSCIENCE-IN-TO-ORGANIZATIONAL-LEADERSHIP-AND-CONSUMER-BEHAVIOR.pdf

- Вид на трудот (категорија): научен труд /scientific paper
- Опсег на трудот: 7 страници
- Објавен во: UTMS Journal of Economics, 16(2)
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: https://scholar.google.hr/citations?view_op=view_citation&hl=hr&user=angRSQwAAAAJ&authuser=1&citation_for_view=angRSQwAAAAJ:IjCSPb-OGe4C
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор
- JEL класификација: M10, M12, D87, L83, D83

**А2) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции**

**1. Miftari, F. (2024). Management as a Crucial Function of Corporate Success. Futurity Research Publishing, Полска, стр. 46–51.**

Трудот ја анализира улогата на менаџментот како една од клучните функции за постигнување корпоративен успех. Во трудот се обработуваат основните менаџерски функции, како што се планирање, организирање, координација, контрола, комуникација и донесување одлуки, и нивното значење за ефективното функционирање на современите деловни организации.

Кандидатот укажува дека корпоративниот успех не зависи само од капиталот, пазарната позиција или организациската структура, туку и од способноста на менаџментот правилно да користи информации, да управува со човечки ресурси, да ги координира организациските процеси и да донесува рационални одлуки. Трудот го разгледува менаџментот како процес што ги поврзува информацијата, знаењето, комуникацијата и деловната стратегија.

Во трудот се истакнува дека современите компании мора да развијат менаџерски капацитети кои овозможуваат подобра обработка на информации, подобра комуникација меѓу организациските единици и поефикасно претворање на знаењето во деловни резултати. На овој начин, менаџментот се третира како информациски и организациски процес кој создава услови за корпоративна стабилност и успех.

Научниот придонес се согледува во објаснувањето на менаџментот како организациска функција со информациска, комуникациска и управувачка улога. Трудот придонесува кон разбирањето на менаџментот како процес кој ја трансформира информацијата во организациска акција и корпоративен резултат.

- Достапност на трудот: https://futurity-publishing.com/international-conference-on-science-innovations-and-global-solutions-archive/
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 6 страници

- Објавен во: Futurity Research Publishing, International Scientific Conference, Полска
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: https://futurity-publishing.com/wp-content/uploads/2024/12/INTERNATIONAL-SCIENTIFIC-CONFERENCE.pdf
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**2. Miftari, F. (2024). The Role of Communication in Organizational Management. SEE University Proceedings, стр. 181–195.**

Трудот ја обработува улогата на комуникацијата во организациското управување. Во него се анализира комуникацијата како основен механизам преку кој информациите се создаваат, пренесуваат, интерпретираат и користат во рамките на организацијата. Посебно внимание се посветува на значењето на комуникацијата за координација, тимска работа, лидерство, организациска ефикасност и донесување одлуки.

Кандидатот укажува дека комуникацијата не е само размена на пораки, туку суштински информациски процес кој овозможува функционирање на организациските системи. Преку комуникацијата се пренесуваат инструкции, податоци, знаење, вредности, организациски цели и повратни информации, што ја прави комуникацијата важен дел од информациските текови во секоја институција или организација.

Трудот ја нагласува потребата од јасни комуникациски канали, правилна организација на информациските текови и соодветно користење на информациите во процесите на управување. Во современите организации, комуникацијата претставува основа за координација, решавање проблеми, управување со конфликти, донесување одлуки и градење организациска култура.

Научниот придонес се состои во поврзување на организациската комуникација со информациските процеси и управувањето. Трудот придонесува кон разбирањето на комуникацијата како елемент на информациските науки, бидејќи ја анализира комуникацијата како процес на создавање, пренос, интерпретација и употреба на информации во организациски контекст.

- Достапност на трудот: https://www.seeu.edu.mk/en
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 15 страници
- Објавен во: SEE University Proceedings
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: https://www.seeu.edu.mk/en
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**3. Miftari, F. (2024). Management of Entrepreneurship by Managers and Owners. UBT Conference, стр. 73–77.**

Трудот ја обработува улогата на менаџерите и сопствениците во управувањето со претприемничките активности. Во трудот се анализираат претприемничките процеси, менаџерските функции, организациската одговорност, деловното одлучување и потребата од ефикасно управување во приватниот сектор.

Во трудот се истакнува дека претприемништвото не треба да се разгледува само како економска активност, туку и како организациски процес кој бара информации, анализа, планирање, комуникација, процена на ризик и донесување одлуки. Во современи услови, менаџерите и сопствениците мора да користат релевантни информации за да ги идентификуваат пазарните можности, да ги организираат ресурсите и да обезбедат стабилен развој на претпријатието.

Кандидатот ја анализира врската помеѓу менаџерските способности, претприемничката иницијатива и организациската култура. Посебно значење се дава на способноста на менаџерите да управуваат со промени, да користат информации за донесување одлуки и да поттикнуваат раст, иновации и одржлив развој.

Научниот придонес се состои во поврзување на претприемништвото со управувачките и информациските процеси во организациите. Трудот придонесува кон разбирањето на претприемничкото управување како процес кој зависи од квалитетни информации, рационално одлучување, организациска координација и адаптација кон промените.

- Достапност на трудот: https://knowledgecenter.ubt-uni.net/conference/2024UBTIC/MBE/30
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 5 страници
- Објавен во: UBT 13th International Conference on Business, Technology and Innovation, UBT Kampus, Lipjan
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISBN 978-9951-982-15-3; DOI: 10.3107/ubt-ic.2024.30
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**4. Miftari, F. (2024). The Influence of Management on Financial Development in Private Companies. ICONBEST Proceedings.**

Трудот ја анализира улогата на менаџментот во финансискиот развој на приватните компании. Во него се разгледува влијанието на управувачките практики врз финансиската стабилност, развојот, планирањето, контролата и организациската ефикасност на деловните субјекти.

Во трудот се истакнува дека финансискиот развој не зависи само од капиталот или пазарните услови, туку и од квалитетот на управувањето, достапноста на релевантни информации, способноста за анализа, планирање и донесување рационални деловни одлуки. Менаџментот се разгледува како фактор кој ги поврзува информациите, ресурсите, контролата и финансиските резултати.

Кандидатот укажува дека приватните компании имаат потреба од јасни управувачки практики, континуирана анализа на финансиски информации и стратешко планирање за да обезбедат стабилен развој. Трудот ја нагласува потребата од поврзување на финансиските податоци со управувачките процеси, што овозможува подобра контрола, поефикасно одлучување и поголема финансиска стабилност.

Научниот придонес се согледува во објаснувањето на врската помеѓу менаџментот, информациите и финансискиот развој на приватните компании. Трудот придонесува кон разбирањето на деловното одлучување како процес кој бара квалитетни информации, организациска контрола и стратешко управување.

- Достапност на трудот: https://iconbest.utms.edu.mk/congress-programm-2024
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 8 страници
- Објавен во: ICONBEST Proceedings / ICONBEST 2024 International Scientific Congress
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISBN-13 978-608-4593-51-5
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%
- Проценет придонес на кандидатот: 100% како единствен автор

**5. Miftari, F. & Kakasevski, Gj. (2024). Information Quality and Knowledge Management in Contemporary Information Systems. ICONBEST Conference Proceedings.**

Трудот обработува современа тема од областа на информациските науки, со посебен акцент на улогата на квалитетот на информациите во процесите на управување со знаење во современите информациски системи. Во трудот се анализираат точноста, навременоста, релевантноста, целосноста, достапноста и употребливоста на информациите како основни предуслови за создавање, споделување и примена на организациско знаење.

Трудот поаѓа од ставот дека современите информациски системи не треба да се разбираат само како технички алатки за складирање и обработка на податоци, туку и како организациски механизми кои овозможуваат управување со информации, создавање знаење, подобрување на комуникацијата и поддршка на процесите на одлучување. Во трудот се нагласува дека информацијата е стратешки ресурс за организациите и дека нејзиниот квалитет директно влијае врз организациското учење, институционалната ефикасност и управувањето со знаење.

Посебно внимание е посветено на односот помеѓу информацискиот квалитет и процесите на знаење. Кандидатот и коавторите укажуваат дека организациите можат да создаваат вредност само доколку информациите што ги користат се точни, навремени, релевантни и достапни. Во спротивно, информациските системи можат да произведат нецелосни, задоцнети или неупотребливи информации, што негативно влијае врз одлучувањето и организациската ефикасност.

Научниот придонес на трудот се согледува во поврзувањето на квалитетот на информациите со управувањето со знаење во современи информациски системи. Посебен придонес претставува анализата на информациските системи како социо-технички системи, во кои вредноста не произлегува само од технологијата, туку и од начинот на кој информациите се организираат, обработуваат, интерпретираат и користат во организациските процеси. Трудот е директно релевантен за областа на информациските науки, менаџментот на информациски системи и управувањето со информации и знаење.

- Достапност на трудот: https://iconbest.utms.edu.mk/images/ICONBEST-2024/Zbornik_ICONBEST2024.pdf
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 13 страници
- Објавен во: ICONBEST Conference Proceedings
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISBN-13 978-608-4593-51-5
- Бодување на бројот на автори на трудот: според бројот на автори
- Проценет придонес на кандидатот: 50% како коавтор
- JEL класификација: D83, M15, O33, D80, O32,

**6. Miftari, F. & Kakasevski, Gj. (2025). Management of Information Processes as a Basis for the Effective Functioning of Organizational Information Systems. ICONBEST Conference Proceedings.**

Трудот директно ја обработува проблематиката на организацијата и управувањето со информациски процеси. Во него се анализира улогата на информациските процеси во ефективното функционирање на организациските информациски системи, со посебен акцент на собирањето, обработката, класификацијата, складирањето, дистрибуцијата, интерпретацијата и користењето на информациите во организациски контекст.

Трудот укажува дека информациските системи не можат да функционираат ефикасно доколку информациските процеси не се јасно дефинирани, организирани, контролирани и усогласени со организациските цели. Во трудот се објаснува дека податоците сами по себе не создаваат организациска вредност, туку вредноста се создава кога податоците се обработуваат во квалитетни информации, кога информациите се трансформираат во знаење и кога знаењето се применува во процесите на одлучување.

Кандидатот и коавторите посебно ја истакнуваат врската помеѓу информациските процеси, информацискиот квалитет, управувањето со знаење, комуникацијата и организациското одлучување. Трудот покажува дека организациските информациски системи се ефикасни само тогаш кога информациските текови се јасно поставени, кога податоците се правилно обработени и кога информациите се користат во вистинско време од релевантни корисници.

Научниот придонес на трудот се состои во теоретско и концептуално објаснување на информациските процеси како основа за ефикасно функционирање на организациските информациски системи. Трудот придонесува кон областа на информациските науки преку нагласување дека информациските процеси претставуваат клучен механизам преку кој податоците се трансформираат во информации, а информациите во организациско знаење и управувачка вредност. Трудот има значење и за практичната примена на информациските системи во организации, бидејќи укажува дека ефикасноста на информациските системи зависи од јасни информациски текови, управување со податоци, комуникација, контрола и институционална употреба на информациите.

- Достапност на трудот: https://iconbest.utms.edu.mk/images/IT_TOUR/Proceeding_IT-TOUR_2025.pdf
- Вид на трудот (категорија): конференциски труд
- Опсег на трудот: 12 страници
- Објавен во: ICONBEST Conference Proceedings
- Јазик на кој е напишан трудот: англиски
- Трудот е евидентиран: ISBN- 978-608-4593-52-2
- Бодување на бројот на автори на трудот: според бројот на автори
- Проценет придонес на кандидатот: 50% како коавтор
- JEL класификација: D83, M15, O33, D80, O32

### 2.2.4. Објавена книга и професионални обуки

Кандидатот д-р Фљамур Мифтари има објавено книга од научно-стручна област:

Miftari, F. (2024). Modern Management & Communication in Economy and Tourism. LAP Lambert Academic Publishing, 76 pages. ISBN: 978-620-7-81120-5.

Link: https://www.morebooks.de/shop-ui/shop/product/9786207811205

Книгата обработува теми поврзани со современиот менаџмент, комуникацијата, организациското функционирање, економијата и туризмот. Иако книгата тематски опфаќа менаџмент и комуникација, нејзината содржина е поврзана и со информациските процеси, бидејќи комуникацијата, преносот на информации, организациското управување и одлучувањето претставуваат значајни елементи на современите информациски науки.

Покрај книгата, кандидатот поседува и сертификати за професионално усовршување:

1. Miftari, F. (2024). Sustainable Business. International Business Management Institute, Berlin, Germany. Certificate ID: 1221183-171-788-6568.
2. Miftari, F. (2026). Digital Transformation. International Business Management Institute, Berlin, Germany. Certificate ID: 1221183-177-690-5358.

Сертификатот за дигитална трансформација е особено релевантен за профилот на кандидатот, бидејќи дигиталната трансформација претставува современ процес кој е директно поврзан со информациските системи, информациските процеси, управувањето со податоци, организациските промени и примената на дигитални технологии во современите организации.

### 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот д-р Фљамур Мифтари ја потврдуваат неговата континуирана научна, стручна и академска активност. Неговиот научен опус опфаќа докторска дисертација, повеќе научни трудови, конференциски трудови, објавена книга и професионални обуки.

Анализираните научни трудови на кандидатот се посветени на научни истражувања и проблематики од областа на информациските науки, организацијата и управувањето со информациски процеси, менаџментот на информациски системи, квалитетот на информациите, управувањето со знаење, организациската комуникација, стратегиското одлучување и современите организациски системи.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажува способност за критичко размислување, анализа на научни сознанија, интерпретација на релевантни информации, примена на научни методи, споредување на теоретски концепти и изведување сопствени валидни заклучоци. Неговите трудови покажуваат дека кандидатот ги разбира информациските процеси како основа за организациско функционирање, комуникација, управување со знаење и донесување одлуки.

Д-р Фљамур Мифтари поседува систематски и аналитички пристап кон предметот на истражување и доследно ја поврзува научната проблематика со современите организациски и информациски процеси. Неговата научна активност покажува ориентација кон теми кои се актуелни за информациските науки, особено во делот на квалитетот на информации, управувањето со знаење, информациските системи и организациското управување.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот има изработено и одбрането докторска дисертација во рамките на докторската програма „Организација и управување со информациски процеси“.
- Кандидатот има објавено повеќе научни трудови во меѓународни списанија, зборници и конференциски публикации.
- Дел од трудовите директно се поврзани со информациските науки, квалитетот на информациите, управувањето со знаење и организациските информациски системи.
- Кандидатот има објавена книга од научно-стручна област.
- Кандидатот има сертификати за професионално усовршување од областа на одржливиот бизнис и дигиталната трансформација.
- Научната активност на кандидатот покажува јасна ориентација кон информациски науки, менаџмент на информациски системи, организација и управување со информациски процеси и современи организациски системи.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, докторската дисертација, книгата и професионалните обуки, Рецензентската комисија може да заклучи дека кандидатот д-р Фљамур Мифтари поседува соодветна научна и академска основа за наставно-научно дејствување во областа на информациските науки. Неговите трудови и научен придонес ја потврдуваат неговата ориентација кон организација и управување со информациски процеси, менаџмент на информациски системи, квалитет на информации, управување со знаење и примена на информациските процеси во современи организациски средини.

## 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 3.1. Наставна дејност

Кандидатот д-р Фљамур Мифтари има наставно искуство стекнато преку неговиот ангажман како предавач на Факултетот за бизнис и економија во Скопје, во периодот од 2023/24 година.

Во рамките на наставната дејност, кандидатот реализирал настава од областа на менаџмент и организација. Преку овие наставни содржини, кандидатот ги поврзува современите управувачки процеси со организациското функционирање, процесите на одлучување, комуникацијата, планирањето и примената на информации во современи деловни и институционални системи.

Кандидатот во наставниот процес применувал современи наставни пристапи, користел дигитални алатки за настава и оценување, онлајн тестирање, Google Forms и други алатки за поддршка на наставниот процес. Со тоа покажал способност за примена на современи форми на едукација и организирање на наставата во согласност со потребите на студентите и современите академски стандарди.

Покрај наставната дејност, кандидатот бил активно вклучен и во институционални и академски активности поврзани со квалитетот, евалуацијата, акредитацијата и реакредитацијата на студиски програми. Бил координатор на

единицата за квалитет и евалуација, член на комисии за акредитација и реакредитација, како и координатор/член на работниот тим за акредитација на студиската програма Менаџмент на информациски системи (MIS).

Особено значајно е неговото учество во процесот на акредитација на студиската програма Менаџмент на информациски системи (MIS), бидејќи преку оваа активност неговата наставна и институционална работа се поврзува со информациските науки, организациските информациски процеси, менаџментот на информациски системи и примената на информациските системи во современи организациски средини.

Врз основа на наведеното, може да се оцени дека кандидатот д-р Фљамур Мифтари има соодветна наставна активност, академска одговорност и институционално искуство релевантно за наставно-научна дејност во областа на информациските науки, особено во делот на организација и управување со информациски процеси, менаџмент на информациски системи и организациско управување.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Оценка на севкупната стручна дејност

Стручната дејност на кандидатот д-р Фљамур Мифтари се карактеризира со активен ангажман во академски, институционални и организациски процеси поврзани со квалитетот во високото образование, акредитацијата, реакредитацијата, евалуацијата и развојот на студиски програми.

Како координатор на единицата за квалитет и евалуација, кандидатот бил вклучен во процеси кои се од значење за следење, подобрување и обезбедување на квалитетот на наставата и академското работење. Овој ангажман покажува негова способност за организациско управување, работа со информации, обработка на институционални податоци, подготовка на документација и учество во процеси на академско планирање и развој.

Посебно значаен дел од стручната активност на кандидатот е неговото учество како координатор/член на работниот тим за акредитација на студиската програма Менаџмент на информациски системи (MIS). Оваа активност претставува директна поврзаност со информациските науки, бидејќи акредитацијата на таква студиска програма подразбира познавање на структурата на наставните содржини, организацијата на информациските системи, управувањето со информациски процеси, дигиталната трансформација и примената на информациските системи во современи организации.

Во својата стручна работа, кандидатот успешно ги поврзува знаењата од областа на менаџментот, организациското управување и информациските науки. Неговиот стручен профил се темели на разбирање на организациите како системи во кои

информациите, комуникацијата, знаењето и процесите на одлучување имаат централна улога.

Дополнителна потврда за неговата стручна ориентација претставуваат и професионалните обуки од областа на Sustainable Business и Digital Transformation, стекнати преку International Business Management Institute, Berlin, Germany. Особено обуката за дигитална трансформација е релевантна за неговиот профил, бидејќи дигиталната трансформација е тесно поврзана со информациските системи, информациските процеси, управувањето со податоци, организациските промени и современите дигитални технологии.

Кандидатот има објавено и книга од научно-стручна област, Modern Management & Communication in Economy and Tourism, во која се обработуваат прашања поврзани со менаџментот, комуникацијата, организациското функционирање и преносот на информации во современи организациски контексти.

Вкупната стручна дејност на кандидатот покажува дека д-р Фљамур Мифтари поседува практично и академско искуство во областа на организациското управување, квалитетот, акредитацијата, информациските процеси и менаџментот на информациски системи. Неговата стручна активност е комплементарна со неговата научна ориентација и претставува соодветна основа за наставно-научно дејствување во областа на информациските науки.

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако Рецензентската комисија изврши увид во севкупната документација на кандидатот д-р Фљамур Мифтари, неговата биографија, образовниот и научниот развој, докторската квалификација, објавените научни трудови, конференциските трудови, објавената книга, професионалните обуки, наставната и стручната активност, Комисијата констатира дека кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање доцент.

Врз основа на приложената документација, Комисијата го констатира следното:

1. Кандидатот д-р Фљамур Мифтари има стекнато научен степен доктор на науки / PhD во рамките на научното поле Јавни комуникации и информациски науки, со нострифицирана докторска квалификација доктор на јавни комуникации и информатички науки, што претставува соодветна основа за избор во научната област 1.02.00.02 – Информациски науки.
2. Кандидатот има објавено повеќе научни и конференциски трудови во меѓународни списанија, зборници и научни публикации, од кои дел се директно поврзани со информациските науки, квалитетот на информациите,

управувањето со знаење, организациските информациски системи и менаџментот на информациски процеси.

3. Кандидатот има објавена книга од научно-стручна област, како и професионални обуки од областа на одржливиот бизнис и дигиталната трансформација, што дополнително ја потврдува неговата научна и стручна ориентација кон современите организациски и информациски процеси.
4. Кандидатот има наставно искуство како предавач на Факултетот за бизнис и економија, Скопје, каде реализирал настава и имал активности од областа на Организациските науки и информациските науки. Кандидатот бил активно вклучен во институционални и академски активности поврзани со квалитетот, евалуацијата, акредитацијата и реакредитацијата на студиски програми, како и во работниот тим за акредитација на студиската програма Менаџмент на информациски системи (MIS).
5. Научната, наставната и стручната активност на кандидатот покажува јасна ориентација кон информациските науки, особено во делот на организацијата и управувањето со информациски процеси, менаџментот на информациски системи, квалитетот на информациите, управувањето со знаење и примената на информациските системи во современи организациски средини.
6. Претходното образование и докторската квалификација на кандидатот претставуваат соодветно поле/потполе за изборот и за понатамошно напредување во рамките на истата научна област.
7. Има способност за изведување на високообразовна дејност.

Содржината на трудовите, докторската квалификација, наставното искуство и стручната активност на кандидатот укажуваат дека станува збор за академски и научно оформен кандидат, кој поседува соодветна теоретска, научна и наставна основа за изведување високообразовна дејност во областа на информациските науки.

Врз основа на биографските податоци, објавените научни трудови, конференциските трудови, книгата, професионалните обуки, наставната дејност и учеството во академски и институционални процеси, Комисијата оценува дека кандидатот д-р Фљамур Мифтари поседува соодветен научен, наставен и стручен профил за избор во наставно-научното звање доцент.

Затоа, Комисијата цени дека кандидатот може успешно да ја извршува наставната и научната дејност по предмети од областа на информациските науки, и тоа во делот на менаџментот на информациски системи, организацијата и управувањето со информациски процеси, бизнис информатиката и современите организациски информациски системи.

Земајќи ги предвид сите горенаведени факти, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет Скопје, кандидатот д-р Фљамур Мифтари да биде

избран во наставно-научното звање доцент во научно-истражувачкото подрачје Природно-математички науки, научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки, научна област 1.02.00.02 – Информациски науки.

**Рецензентска комисија:**

Д-р инж. Павлинка Радойска, доцент, претседател, с.р.

Д-р инж. Ирина Топалова, доцент, член, с.р.

Д-р Ѓорги Какашевски, вонреден професор, член, с.р.

**Табела 1.** Рекапитулација на бројот на книгите , научните и стручните трудови на кандидатот д-р Фљамур Мифтари објавени во последните 5 години

| Вид на трудот | Вкупно |
|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | 5 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 6 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | - |
| 4. Книги | 1 |
| ВКУПНО КНИГИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ | 12 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | - |
| 2. Проекти и рецензии | - |
| 3. Прирачници | - |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | - |
| 4. Други трудови | - |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | - |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**Доц. д-р ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**

**ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ 5.02 ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС , ОБЛАСТ 5.02.00.08 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ВО СКОПЈЕ**

**д-р Аце Миленковски , редовен професор,** претседател
ректор на Универзитет Скопје во Скопје, Република Северна Македонија

**д-р Сашко Граматниковски, редовен професот**, член
декан на Факултет за туризам , Универзитет Скопје, во Скопје , Република Северна Македонија

**д-р Дејан Наковски, редовен професор**, член
Факултет за туризам , Универзитет Скопје, во Скопје , Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| | **До Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам** на Универзитет Скопје во Скопје Република Северна Македонија |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Љупчо Јаневски**, насловен доцент, во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје научно подрачје 5 Општествени науки, научно поле 5.02 Економија и бизнис, 5.02 Економија и бизнис, 5.02.00.08 Туризам и угостителство – еден наставник

Во согласност со член 110 став 1, алинеа 8 и член 166 став 3 од Законот за Високото образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018) и објавениот Конкурс на Универзитетот Скопје во Скопје во дневниот весник “Нова Македонија” од 05.03.2026 година, Наставно-научниот совет на Информатички факултет на Универзитетот Скопје донесе одлука за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје научно подрачје 5 Општествени науки, научно поле 5.02 Економија и бизнис, 5.02 Економија и бизнис, 5.02.00.08 Туризам и угостителство – еден наставник при Универзитетот Скопје во Скопје.

По објавувањето на конкурсот, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје научно подрачје 5 Општествени науки, научно поле 5.02 Економија и бизнис, 5.02 Економија и бизнис, 5.02.00.08 Туризам и угостителство – еден наставник, на Универзитетот Скопје во Скопје, и тоа во состав:

1. **д-р Аце Миленковски, редовен професот, претседател,** ректор на Универзитет Скопје во Скопје, Република Северна Македонија
2. **д-р Сашо Граматниковски , редовен професор, член** декан на Факултет за туризам , Универзитет Скопје, во Скопје , Република Северна Македонија
3. **д-р Дејан Наковски, редовен професор**, член, Факултет за туризам , Универзитет Скопје, во Скопје , Република Северна Македонија

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје научно подрачје 5 Општествени науки, научно поле 5.02 Економија и бизнис, 5.02 Економија и бизнис, 5.02.00.08 Туризам и угостителство – еден наставникна Универзитетот Скопје во Скопје, го прифативме именувањето.
Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 05.03.2026 година и на веб страницата на Универзитетот Скопје во Скопје (www.utms.edu.mk);
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Љупчо Јаневски, насловен доцент:
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.
Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,
Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Факултетот за Информатика на Универзитетот Скопје во Скопје, следниот заеднички

**И З В Е Ш Т А Ј**

За кандидатот д-р Љупчо Јаневски, насловен доцент, на Факултетот за информатика во рамките на Универзитетот Скопје во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Список на научните и стручните трудови според категории,
2. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент , пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018), како и
3. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент,

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Љупчо Јаневски

Кандидатот,. д-р Љупчо Јаневски е родена на 16 Јули 1972 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Ѓуро Салај “ општина Кисела Вода во Скопје. Во 1991 година го завршила средното образование во СУГС „Марија Кири Склодовска“ во Скопје.. Дипломира во јуни 2011 година на Бизнис Академија Смилевски во Скопје , на

департманот за оперативен менаџмент со просечна оцена на студиите 9.12 и се стекнал со степенот и стручен назив Дипломиран оперативен менаџер.

Постдипломските студии ги завршил во 2013 година на Бизнис Академија Смилевски во Скопје , МБА Стратегиски Менаџмент со просечна оцена 9,17 и тема на специјалистичкиот ( мастер) труд „ Креирање модел на организациско разузнавање како основа за конкурентно стратегиско планирање„ од менторот доц. д-р Лидија Стефановска.
Докторира на 10.08.2021 година на факултетот за Туризам и угостителство во Охрид, Универзитет св. Климент Охридски – Битола , со одбрана на докторската дисертација на тема: „Еко-туризмот како современ концепт за развој на туризмот во Република Северна Македонија“ пред комисија во состав: проф. д-р Науме Мариноски редовен професор , проф. д-р Сашо Коруноски редовен професор , проф. д-р Гоце Костовски редовен професор , проф д-р Цветко Андреески редовен професор, проф.д-р Татјана Димовска редовен професор а под менторство на проф. д-р Науме Мариноски , со просечна отценка 10 на докторските студии со што се стекнал со звањето доктор на туристички науки (PhD).
Учествува на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на туризмот,менаџментот и економијата во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот, српскиот,црногорскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint, и Интернет.
Од февруари 2018 до декенври 2023 година, кандидатот, доц.д-р Љупчо Јаневски е наименуван за директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија како директор на нависокото државно тело за туризам. Во 2020 година го формира кризното тело во туристичката индустрија за време на корона кризата кое е оценето како второ тело со ист карактер во Европа од страна на светската туристичка органзација создавајки го првото тело за кризен менаџмент во државата. Во Мај 2022 година е избран за насловен доцент на факултетот за Туризам при универзитетот Скопје.
Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на туризмот како дел од економските науки, екотуризмот, одржливост и туристичката дипломатија како дел од полето на организациските науки и управувањето.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

**2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања**
Д-р Љупчо Јаневски на 19.05.2022 година со одлука за избор на наслове доцент во научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство , обаст : 51406 Туристичка промоција , 51419 и друго(еко туризам), на факултетот за туризам на Универзитетот Скопје во Скопје.

**2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот**

Д-р Љупчо Јаневски во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање насловен доцент објавилил повеќе од 10 научни трудови во меѓународни научни публикации, и трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и подготвува книга во областа Туризам.
После изборот во наставно-научно звање насловен доцент објавил 7 научни трудови во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, во органзација на две научни конференции и учество на проект како експерт консултант на полето од дестинацискиот менаџмент и негов развој во Босна и Херцеговина со уникатни резултати кои понатаму ќе се публикуват како научни трудови во неѓународни списанија и зборници. Во вометот работи на меѓународен проект за „Сина економија“ и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во РС Македонија како експерт консултант во полето од туризмот во рамките на ССКМ која е дел од меѓународниот конзорциум за инплементација на проектот.
Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

**2.2.1. Докторска дисертација**

Докторската дисертација на тема: „Екотуризмот како современ концепт за развој на туризмот во Република Северна Македонија“, кандидатот ја одбранил на август 2021 година на факултеот за Туризам и Угостителсвто во Охрид при Универзитет Св. „Климент Охридски “ во Битола, пред комисија во состав: проф. д-р Науме Мариноски, претседател , проф. д-р Сашо Коруноски редовен професор, член , проф. д-р Гоце Костовски редовен професор ,член проф д-р Цветко Андреески редовен професор, член, проф.д-р Татјана Димовска редовен професор и член на комисијата.
Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнал со академски степен доктор на туристички науки (PhD).
Докторската дисертација на кандидатот д-р Љупчо Јаневски претставува пионерско сеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на Екотуризмот , со посебен осврт на улогата, значењето и концептот на Екотуризмот за туристичките текови во Република Северна Македонија. Докторската дисертација содржи вкупно 312 страници, од кои 2 страници со кратенки, две страници со предговор, 4 страници отпаѓаат на вовед, 6 страници на заклучок, 10 страници на користена литература и 22

страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структуирана во четири глави, логично систематизирани.

Во *воведот* е објаснета актуелноста на проблематиката на експанзијата на масовниот туризам и создавањето на алтернативните форми на туристичка понуда кои креираат одредена рамнотежа во дестинацијата во што се истакнува Екотуризмот како носител на овие позитивни промени. За непостоењето на системски и програмски уреден пазар кој би се темелел на природата и нејзините убавини, односно еко-туристички содржини кои се нудат на туристите. Голем број на настани и манифестации се одвиваат во природата или руралните средини и по своите карактеристики ги задоволуваат критериумите на еко-туризмот, но сеуште така не се доживуваат или ги сертифицираат во таа насока.

Во *првата глава* на докторската дисертација под наслов „Теоретско – методолошки пристап на истражувањето„ д-р Љупчо Јаневски се фокусира на предметот , целта и задачи на истражувањето со јасно наведување на методите кои се користат при истражувањето. Во продолжение на првата глава се прецизираат методолошките принципи на истражувањето, основните хипотеза како и петте помошни хипотези кои ќе помогнат во отфрлањето или потврдувањето на основната хипотеза „Република Северна Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“. Со Очекуваните резултати и основните оперативни и теоретски претпоставки се заокружува првата глава на докторската дисертација.

Во *втората глава* со наслов „ Поимно – содржинско определување и дефинирање на Еко-туризмот“ се овозможува поимот и дефинирањето на Еко-туризмот, неговото етимолошко значење, историскиот развој во светски и македонски рамки, формите на еко-туризмот како и местото и улогата на еко-туризмот во туристичката дејност. Во продолжение на втората глава се опфаќаат карактеристиките на туристичката понуда во Република Северна Македонија, развојните форми како современа туристичка понуда дефинирајќи ги еко дестинациите, еко-тури, еко-патеки, еко-сместување, еко-хотели, еко-водичи, еко-музеи со светски и регионални практики кои се зародиш во нашата земја. Во оваа глава се опишани карактеристиките на туристичката побарувачка во Република Северна Македонија преку нејзината хетерогеност, сезоналност, еластичност како и посетеноста и престојот на дестинацијата низ последиот десетгодишен период. Приходите кои се остваруваат од туризмот во државната економија за да се продолжи во втората глава со аспирациите за еко-туристички активности, еко-туристичката побарувачка, профилот на екотуристот кој не посетува и потребата на еко-туристите.

*Третата глава* со наслов „Фактори за развој на еко-туризмот“ се однесува на општествените влијанија, заштитата на животната средина како фактор за развојот на еко-туризмот, формите на заштита на просторот, карактеристиките на националните паркови во земјата, капацитетите за туристичко водење во заштитенте подрачја, невладиниот сектор и еко-туризмот , образовниот систем и еко-туризмот.Значењето на

економските влијанија, финансиските бенефити од еко-туризмот, вработувањата во еко-туризмот, мултипликативниот ефект на еко-туризмот, инвестиции, социјалните влијание и развојот на еко свеста.

Во *четвртата глава* под наслов „Еко-туризмот во Република Северна Македонија" акцент се става на законската регулатива во Република Северна Македонија како фактор за развој на еко-туризмот" за да се продолжи со потенцијални еко-туристички пазари , еко-туристичките производи, функционалните карактеристики на еко-туризмот во земјата за да се заокружи четвртата глава со презентација на резултатите од истражувањето за влијанието на еко-туризмот во развојот на туризмот во РС Македонија и развојните перспективи на еко-туризмот во државата.

*Научен придонес*

Докторската дисертација овозможува подлабок фокус на Еко-туризмот како специфична туристичка форма и дел од поширокиот концепт на одржливиот туризам кој е дефиниран како одговорно патување во природата, заштитата на животната средина, културните вредности, поддржувајќи ја локалната економија претставува голема развојна можност за туризмот во Македонија. Еко-туристичкиот производ се базира на разноликоста од природните ресурси, сочуваната природна средина, богатството на културно – историските споменици, гастрономијата и гостопримливоста и љубезноста на локалното население. Еко-туризмот во РС. Македонија има можност да претставува заокружена целина на примарните елементи кои ја карактеризираат дестинацијата (природни, културно-историски, етнографски) и секундарните елементи на туристичката понуда кои се наменети за одредени целни пазари или се креираат по барање и интерес на туристите во дестинацијата.

Поделбата на еко-туризмот на „тврд" и „мек" тип првично може да изгледа многу слично на веќе обработената типологија во овој научен труд според која се одвојуваат целовитиот и минималистичкиот еко-туризам. Спомнатата типологија се базира на холистичко согледување за ефектите и филозофијата на еко-туризмот (кој се стреми кон одржливоста) додека типовите на „тврд" и „мек" еко-туризам се изведени врз база на основните пазарни потреби, интереси и квалитетот на доживувањата кај учесниците (помали или поголеми групи, услужни активности, поле на интерес, атракции во дестинациите).

Обработувајќи го овој модел на еко-туризам и неговата поделба и ставајќи го во функција на развивање на оваа форма во РС. Македонија, се создава можноста за градење на прилагоден модел според условите кои постојат во дестинацијата. Оваа потреба се јавува од добиените резултати на истражувањето кои јасно покажуваат во кои точки е потребно да се подобрува и развива еко-туризмот кај нас.

Анализирајќи ја поделбата на „мек" и „тврд" еко-туризам, како и полето во кое делуваат во рамките на еко-туристичката понуда може да создаде автентичен модел кој претставува микс и ќе овозможи подобро развивање на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Докажувајќи ја основната хипотеза „Република Северна Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот" овозможува да размислуваме за поставување на моделот на еко-туризам кој ќе даде најдобар ефект во неговото развивање и понуди

атракции за туристите во сите негови форми. Двата модела на „мек“ и „тврд“ еко-туризам во РС. Македонија имаат можност да мотивираат различни целни групи на еко-туристи кои треба да го подигнат нивото на развој на оваа туристичка форма. Воедно се создаваат предиспозиции за еко-туризмот во РС. Македонија кои се оптимални за градење на комбиниран модел во практикувањето на „мекиот“ и „тврдиот“ еко-туризам и негов развој во зависност од расположливите услови.

Образложувајќи ја оваа идеја за одреден микс на „мекиот“ и „тврдиот“ еко-туризам се поаѓа од фактот дека и двете форми се значајни, односно „мекиот“ еко-туризам поради својата поголема масовност и големите економски приходи во локалната заедница се овозможува финансирањето на заштитата и унапредувањето на еко-туристичката дестинација. „Тврдиот“ еко-туризам кој се концентрира на одредени форми кои се одвиваат во индивидуални патувања или мали групи развива специфични форми на еко-туризам (фото-сафари, набљудување на птици, научна – едукативни содржини) ја етаблира еко-дестинацијата на високо ниво, подолг престој, овозможува максимална интеграција со локалното население и одржливост на дестинацијата. Миксот на овие два пристапи („мек“ и „тврд“ еко-туризам) во суштина го зголемуваат портфолиото на атракции и форми на еко-туризам кои ги нуди дестинацијата од ненаметливи и малубројни до голем диверзитет на рекреативни и адреналински содржини.

Еден од најголемите предизвици за имплементација на овој модел претставува атрактивноста и привлечноста на дестинацијата за туристите кои практикуваат еко-туризам. Овој модел би бил одличен да се применува во заштитените подрачја и националните паркови каде сите типови на еко-туризам би се поттикнале во соработка со туроператорите, туристичкиот сектор, локалното население, локалната власт, централната власт, невладиниот сектор. Преку оваа соработка трајно би се согледале придобивките и сите чинители активно би учествувале во синергетски врски на заштита на природата и одржливоста на дестинацијата.

Ваквиот модел пројавува можност да се моделира и прилагодува во зависност од потребите на дестинацијата во кој еко-туристите стануваат важен фактор на позитивни промени во природно – еколошката и социо- културната сфера. Суштински предуслов за имплементирање на овој модел претставува создавањето на Дестинациски Менаџмент Организации – ДМО (Destination Management Organisation – DMO) во кои би се практикувале сите форми на еко-туризам со воспоставена рамноправност и партнерски однос помеѓу сите стејкхолдери значајни за управувањето на дестинацијата.

Јасна и усогласена легислатива во туристичкиот сектор со воведување на светски практики е потребно што поскоро да се имплементира и подобри Законот за туристичка дејност, како и одредени законски подобрувања на локално и централно ниво во повеќе сфери, а значајни за развој на еко-туризмот. Отсутноста на законската легислатива која ќе овозможи воведување на еко-туристичките стандарди во сместувачките капацитети, ниската едуцираност на давателите на услуги за концептот на еко-туризмот, како и слабиот интерес за надградба јасно укажува на немање конкретна стратегија за еко-туризмот во Р.С. Македонија на централно и локално ниво.

Стратегијата за еко-туризмот на долг рок (со вградени мастер и акциски планови) дава јасна визија за понатамошниот негов развој и перспектива во Р.С. Македонија

овозможувајќи еко-туризмот да биде трајно вграден во туристичката понуда. Еко-туризмот ќе влијае кон зајакнување ги руралните средини, заштитените подрачја и националните паркови кои ќе бидат управувани по строги нормативи и со доволен приход од туризмот со што ќе овозможат нивна одржливост и зачувување на ресурсите. Развојот на еко-туризмот во Р.С. Македонија се очекува да овозможи:

- Создавање на дополнителни финансиски средства во локалната економија;
- Поттикнување на локалното производство со нови туристички производи и услуги;
- Намалување на процесот на миграција и депопулација во тие средини;
- Градење на инфраструктура и поврзаноста;
- Развој на еко-сообраќајот;
- Развој на услужниот сектор;
- Трајна заштита на животната средина;
- Нови „зелени“ работни места во локалната заедници;
- Оживување на културните, традиционалните манифестации, старите занаети, изработка на сувенири;
- Обнова и градење на сместувачки капацитети со еко-туристички стандарди;
- Развој на гастрономијата и органското производство и
- Намалување на сезоналноста во туристичкиот сектор.

Многу други директни и индиректни придобивки ќе произлезат од развојот на еко-туризмот, а кои ќе се однесуваат на подобрување на животот и создавањето на услови за отстранување на моменталните негативни трендови. Тоа ќе резултира со ревитализација на голем број на селски заедници и рурални средини кои поседуваат одлични услови за развој на еко-туризмот. Еко-туризмот ќе овозможи долгорочен развој на одржливиот туризам во дестинацијата, долгорочната заштита и интегрирано управување со заштитените подрачја и културните (антропогените) ресурси, како и имплементација на меѓународни стандарди за безбедност и заштита.

Воведувањето на еко-туризмот како современ концепт за развој на македонскиот туристички сектор ќе овозможи нови перспективи кои на подолг рок ќе понудат одржливост на дестинацијата и силен столб во економскиот развој на Р.С. Македонија. Одржливоста како клучен елемент во дестинацијата може да се добие единствено со развивање, јакнење и применување на еко-туризмот и активните форми на туризам во Р.С. Македонија. Еко-туризмот треба да заземе клучна улога во туристичката понуда и идната развојна политика на туристичкиот сектор.

### 2.2.2. Објавени научни трудови

#### 2.2.2.1. Пред избор во звање насловен доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент,
д-р Љупчо Јаневски покрај докторската дисертација објавил 17 научни трудови

**Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци**

1.**Љупчо Јаневски** Urban Marketing and Organizational Changes by its Impact on Urban Environments "The International Scientific Conference – "Globalization challenges and the social-economic Environment of the EU", Novo Mesto, Slovenia -2015

2. **Љупчо Јаневски**. Проф. д-р Науме Мариноски „ Туристичка Валоризација на Манастирските Комплекси во Пелагонискиот Регион " Научно-Стручна конференција „ Состојби и Перспективи во Туризмот, Економијата и Бизнис Логистиката во Репиублика Македонија – Штип Јуни 2016

3. **Ljupcho Janevski**, Dejan Metodijeski „ Quality of Services in Five Star Hotels in Republic of Macedonia "Fourth International Science Conference „ Contemporary Management Challenge and the Organizational Sciences –Bitola

4. **Ljupcho Janevski** „ The Importance of Motivation in Tourism and Motivational Theories 13th International Scientific Conference THE TEACHER OF THE FUTURE-BUDVA- 2017 International Journal vol. 17.2 Global Impact & Quality Factor 1.322 (2016) (EBSCO) May 2016

5. **Ljupcho Janevski**, Dejan M, Oliver F "Tourism Policy and Legal Framework of Rural Tourism in Macedonia„ International May Conference on Strategic Management – IMCSM18 - Bor, Serbia May 2018

6. M, Dejan, F, Oliver and **J, Ljupcho**, Classification of hotel establishments: the case of Macedonia. In: 6th International Conference "Ohrid-Vodici, Republic of Macedonia 2018

7. **Janevski, Lj**., Naumov, K.: „Perspectives for The Development of Ecotourism in National Park Pelister "XIV International Scientific Conference on Service Sector – INSCOSES 2018 Faculty of Tourism and Hospitality, Ohrid, Macedonia June 2018

8. Naumov, K., **Janevski, Lj**.: „Tourism Trends with Particular Reference to Tourism Subsidies as A Long Term Unsustainable Tourism Development Tool "XIV International Scientific Conference on Service Sector – INSCOSES 2018 Faculty of Tourism and Hospitality, Ohrid, Macedonia November 2018

9. **Ljupcho Janevski**, Kliment Naumov „ The Effect of Subsidization on the Macedonian Tourism sector and sustainability of the Destination „Ohrid-Vodici "Republic of Macedonia 2020 April 2020

10**. Ljupcho Janevski,** Kliment Naumov „ The Impact of the pandemic Macedonian Tourist Sector and the Effects on the Ecotourism Destinations "International Conference "Ohrid-Vodici, Republic of Macedonia 2021 May 2021

**2.2.2.2. После избор во звање насловен доцент**

**Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци**
После изборот во звање насловен доцент во Мај 2022 година, д-р Љупчо Јаневски објавила 7 научни трудови.
1.**Ljupcho Janevski,** Kliment Naumov „ Eco-tourism in the Republic of North Macedonia – Oportunities and Perpectives 10th International Conference Ohrid–Vodici, 2022

2. **Љупчо Јаневски**, Сашко Граматниковски, Наде Пешева., „ Еко-музеите Можности и перспективи во македонскиот туристички сектор “ Vol.2 No,1 Годишен зборник на факултетот за туризам и бизнис логистика – Штип 2022

3. J Sazdova, **Lj Janevski**, M Conić _Quality of Services and Guests Satisfaction in The Restaurant - Horizons-International Scientific Journal, 2022

4**. Ljupcho Janevski**, Sashko Gramatnikovski, Dragana Bozich’’Crisis Management in Tourism and Exsoerience frothe Pandemic od the Macedonian Tourism Sector’’12 th Scientific International Conference “Ohrid –Vodici, 17-19 January 2024

5.**Ljupcho Janevski** „ Eco-tourist Profile in the Republic of North Macedonia“ The 9th International Scientific Congress ICON BEST“ International Congress for Business, Education, Sport and Tourism – University of Skopje Novembre 2024

6. **Ljupcho Janevski**., Mijalce Gjorgijevski „Wine Tour as a Special Form of Tourist Offer in the Republic of North Macedonia “The 9th International Scientific Congress ICON BEST - International Congress for Business, Education, Sport and Tourism – University of Skopje June 2025

7. **Ljupcho Janevski**, Mijalce Gjorgjievski, Dejan Nakovski „ Ecotourism and its Importance for Human Resources Development in the Republic of North Macedonia“ UTMS Journal od Economics – University od Skopje 2025

**2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот**
Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучи и оцени и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Љупчо Јаневски во наставно-научно звање доцент.

**2.2.3.1. По избор во звање насловен доцент**

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој

кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

**Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци**

1. **Љупчо Јаневски,** Климент Наумов „Еко-туризмот во Република Северна Македонија-Можности и перспективи“ 10та Интернационална конференција Охрид -Водици 2022

*Опис на трудот*
Со овој труд авторите научно го поставуваат еко-туризмот во Република Северна Македонија, неговата примена, можности како и перспективите на неговиот развој и примена во одредени дестинации во државата. Истражувањата на научниот труд отвораат поле кое е многу малку експлоатирано во македонскиот туризам а научниот труд понатаму ќе овозможи дополнителни истражувања и проширување на научната мисла на полето од алтернативните туристички форми во кои еко-туризмот има доминантна улога и преставува двигател на микро дестинации со максимален позитивен ефект на локалниот економски развој и учество на локалната заедница во неговата примена и презентација.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставува улогата и значењето на еко-туризмот како можност и перспектива на која ќе се темели македонскиот туристички сектор во следната декада. Научниот труд со презентирање на своите резултати овозможува развивање на широка дебата во научната јавност овозможувајки и мотивирајки идни истражувања кои ќе помогнат во поставување на еко-туризмот и одржливоста на дестинацијата како приоритети за идниот туристички развој на нашата земја.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на полето од еко-туризмот, неговиот развој во дестинацијата и детектирање на неговите форми со холистички пристап.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. **Љупчо Јаневски**, Сашко Граматниковски, Наде Пешева., „ Еко-музеите Можности и перспективи во македонскиот туристички сектор “ Vol.2 No,1 Годишен зборник на факултетот за туризам и бизнис логистика – Штип 2022

*Опис на трудот*
Овој тип на музеи најпрво се појавуваат во Франција, а самиот термин еко-музеј како концепт први го претставиле Georges Henri Rivière и Hugues de Varine во 1971 година на деветтото Генерално собрание на Меѓународниот совет за музеи Една година подоцна, Меѓународниот совет на музеи и УНЕСКО организирале заедничка тркалезна

маса во склоп на конференцијата во градот Сантијаго во Чиле, создавајќи ја дефиницијата за еко-музеј која според Rivière гласи: „Еко-музејот е алатка која произлегува од заедничка визија, соработка и менаџмент од страна на јавниот сектор и локалните жители“. Еко-музејот претставува огледало за локалните жители, преку кое го препознаваат својот имиџ, претставувајќи огледало преку кое посетителите ги запознаат локалните традиции, обичаи и карактеристики. Овој типна туристичка понуда во време на пандемија од сарс ков -2 се наметнува како значајна можност за привлекување на голем број посетители бидејки ваквиот тип на музеи се одвиваат на отворено со силно интегрирање на локалната заедница без негативно влијание врз животната средина. Еко-музеите во Република Северна Македонија имаат одлична песпектива да преставуваат силен туристички производ кој ќе допринесе до оддржливоста на дестинациите и намалувањето на сезоналноста во македонскиот туристички сектор.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирање на значењето на процесот на идентификацција на еко-музеите во туристичките места, посетеноста како и значењето за локалната заедница од повеќе агли. Еко-музеите се случуваат на отворено и стануваат се повеќе атрактивни со анимирање на посетителите и внесување на најновите технологии во презентирањето. Истражувањата преставуваат уникатна можност во научната мисла која го истражува туризмот и отвора нови можности за туристички производи кои се повеќе мотивираат туристи да ги посетуваат. Еко-музеите влијаејки позитивно врз растот на туристите во дестинацијата, вонпансионската потрошувачка и просечниот престој, задржувањето и креирањето на нови работни места.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа односно отворање на сосема едно ново перспективно поле во македонската туристичка реалност со атракции кои ќе компарираат на голем број странски и мотивирајки се поголем број на туристи да ги посетуваат дестинациите со ваков тип на музејки поставки.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. J Sazdova, **Lj Janevski**, M Conić _Quality of Services and Guests Satisfaction in The Restaurant - Horizons-International Scientific Journal, 2022

*Опис на трудот*

Земајќи ја предвид важноста на квалитетот за односот квалитет на услугата - задоволство на клиентите - лојалност, сè со цел да се избегнат или намалат грешките и да се вложат напори за континуирано подобрување на квалитетот, секоја компанија треба да спроведува контрола на квалитетот, односно да се идентификуваат недостатоците. Активностите за подобрување на квалитетот треба да бидат континуирани и непрекинати бидејќи, иако е постигнат одреден резултат (посакуван квалитет), тој треба да се одржува и подобрува преку бројни иновации во приложените мениа и вложувањето во човечките ресурси. Поради истовремената употреба на

производството и потрошувачката во угостителските услуги, потешко е да се забележи грешката пред да биде предоцна, односно пред гостинот да ја забележи. Од друга страна, трошоците за воведување систем за квалитет се инвестиција во иднината на компанијата.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува сеопфатната анализа на профилот на усугите во ресторaните, задоволството на клиентите и генералната перцепција за гастрономијата во дестинацијата. Уникатноста на понудената гастрономија и вградувањео на локалните специјалитети во понудата на ресторaните игра круцијална улога во конкурентноста и задоволството на клиентите со уникатните искуства дбиени преку презентацијата на локалните специјалитети. Овој научен труд отвора голем број на можности за понатамошно истражување на темата од стручната и научната јавност во државата и туристичкиот сектор. .

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно уникатноста на гастрономската понуда во дестинацијата на претпријатија со осврт на конкурентноста на глобалните гастронмски текови во контекст на неопходноста од постојана промена на нивните услуги и промоција како и соодветна адаптација на гастрономските услуги прилагодени на потребите од пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. **Љупчо Јаневски**, Сашко Граматниковски, Драгана Божиќ, „Управување со кризи во туризмот и искуството од пандемијата на македонскиот туристички сектор“, 12-та научна меѓународна конференција „Охрид-Водици, 17-19 јануари 2024 година“

*Опис на трудот*

Туристичката индустрија претставува многу значаен дел од светската економија и е многу ранлива на кризни ситуации како што се економски кризи, терористички напади, епидемии, пандемии и природни катастрофи што доведуваат до дестабилизација на туризмот во регионални и глобални рамки. Пандемијата со вирусот Сарс ков-2 и мерките што беа усвоени на светско ниво драстично ја намалија можноста за планирање патувања и патување глобално. За да се спречи пандемијата, голем број светски влади усвоија одредени мерки за намалување на негативните ефекти врз економијата, здравјето и други видови предизвици низ целиот свет. Овој научен труд ги анализира последиците од пандемијата врз туристичкиот сектор во одредени земји и нивниот успех во ублажувањето со усвоениот сет мерки за помош на економиите и туристичкиот сектор, особено во европските земји. Покрај негативниот ефект од пандемијата, ќе се споредат одредени сетови мерки и временскиот интервал на нивното усвојување со цел да се ублажи негативниот

ефект во туристичкиот сектор. Објаснувањето на ефектот и функционирањето на мерките е предуслов и клучен филтер за предложен модел за управување со кризи во туризмот.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот подразбира утврдување на потребата од дефинирање на македонските искуства за време на пандемијата и кризниот менаџмент преземен преку кризмото тело во Агенцијата за промоција и поддрѓка на туризмот како и меркте кои се преземени за стабилизирање на состојбата во туристичкиот сектор. Научниот труд покрај дефинирањето на кризниот менаџмет компарира повеќе европски држави со различни модели на кризен менаџмет со македонските мерки за ублажвање на кризата, ефектите како и враќањето на туризмот во нормалнит статистички бројки пред пандемијата. Воедно се отвора поле на понатамошни истражувања и можни модели на мерки кои би се спроведувале во слични состојби во однина.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на кризниот менаџмент во туристичката индустрија и поставување на критериумите во македонскиот туристички сектор за делување и ублаќување на негативните поселдици од слична криза во иднина,

5. **Љупчо Јаневски** „ Профил на еко-турист во Република Северна Македонија“ 9ти Интернационален научен конгрес ICON BEST“ International Congress for Business, Education, Sport and Tourism – Универзитет Скопје Ноември 2024

*Опис на трудот*

Еко-туризмот во својата суштина го содржи одговорното патување, одржливоста на дестинациите, користење на еколошки норми и стандарди кои се повеќе се применуваат и во други форми на туристичка понуда. Новата реалност во туризмот диктирана од пандемијата создаде потреба од патување во мали групи, избирајки рурални дестинации, мали сместувачки капацитети, локална храна и практикувајки активни форми на туристичка понуда од кои еко-туризмот е една од највеќе застапените.Побарувачката за еко-туризам претставува посебен дел од туристичкиот пазар, која е насочена кон потребите и желбите на туристите заинтересирани за специфичен вид на туристички активности со цел остварување економски бенефити за локалните заедници. Ваквата целна група на туристи бараат искуства и доживувања кои се поврзани со активностите во природата за разлика од туристите кои претпочитуваат традиционален туризам. Тие не бараат посебен луксуз, но очекуваат одреден степен на комфор, професионален водич и дестинации со недопрена флора и фауна за одвивање на еко-туристички активности сеуште не постои дефинитивен научен одговор на прашањето Кој турист е еко-турист? а потребата од неговото дефинирање се наметнува се повеќе во Република Северна Македонија која се повеќе го практикува Еко-туризмот во дестинациите. За потребите на научниот труд ќе се

користи дескриптивната метода преку истражување на достапната литература, насочени неформални интервјуа и анкетен прашалник реализиран на 1010 странски туристи кои ја посетиле Република Северна Македонија во 2022 година со цел дефинирање на профилот на Еко-туристот.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот подразбира утврдување на потребата од дефинирање на профилот на еко-турист кој престојува во Република Северна Македонија, неговите мотиви во дестинацијата, перцепција со цел поставување на поголем број на атракции за оваа целна група на туристи кои создаваат баланс во дестинацијата практикувајќи одржлив туризам. Научниот труд покрај дефинирањето на профилот од еко-туристит за прв пат во нашата земја отвара поле кое со понатамошни истражувања ќе се овозможи подобрување и насочување на услугите, промоцијата, едукацијата на локалното население генерално за еко-туризмот како една од најбрзорастечките форми и туристи во светски рамки.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката од еко-туризмот и поставување на критериумите за профилот на еко-туристи кои ги посетуваат туристичките дестинации во нашата земја.

*Рецензентската комисија овој нерецензиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

6. **Љупчо Јаневски,** Мијалче Ѓоргиевски „ Винскиот туризам како посебен облик натуристичка понуда во Република Северна Македонија“ Интернационална научна конференцијаICON BEST - International Congress for Business, Education, Sport and Tourism – Универзитет Скопје Јуни 2025

*Опис на трудот*
Во последните десет години винскиот туризам преставува еден од правците кои овозможуваат развој во македонските рурални делови. Новата туристичка реалност по завршувањето на пандемијата со ковид создаде дополнителен интерес кај туристите за уникатни искуства поврзами со посета на одредена дестинација со локалн храна и вино во тесна поврзаност со локалната заедница. Практикувањето на винскиот турозам како посебна форма создава можност за препознавање на туристичката дестинација креирајќи оддржливост и конкурентна предност во однос на други туристички дестинаци. Помеѓу клучните чинители во развојот на винскиот туризам се сметаат малите семејни винарии кои генерално се во руралните делови на државата. Република Северна Македонија има одлични услови и потенцијал во развој на винскиот туризам бидејки винските региони се познати во Европа но недостасува добро дефинирани вински рути, дегустациски центри и сместувачки капацитети во руралните делови на земјата. Винскиот туризам како посебен облик на туристичка понуда преставува одлична

можност за развој на руралните средини, одржливоста на дестинациите и позитивно влијание во локалниот економски развој.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во потврдување на тезата дека винскиот туризам во Република Северна Македонија има капацитети и преставува посебен облик на туристичка понуда кој овозможува развој и раст на македонската туристика индустрија.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на малите семејни винарии и развојот на винскиот туризам , посебно на процесот на креирање на квалитетна туристичка понуда во винските патишта што ќе создаде дополнителна конкуренска предност пред регионот во развојот на винскио туризам во нашата земја.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. **Љупчо Јаневски**, Мијалче Ѓоргиевски, Дејан Наковски „ Еко-туризмот и значењето за развојот на човечките ресурси во Република Северна Македонија“ Интернационална научна конференција ICON BEST - International Congress for Business, Education, Sport and Tourism – Универзитет Скопје Ниенври 2025

*Опис на трудот*
Екотуризмот како туристичка форма со најголем континуиран раст завршување на пандемијата се базира на природата и нејзината заштита оставајки трејни позитивни влијанија во локалната заедница, локалниот економски развој и долгорочниот развој на човечките ресурси во туристичката индустрија. Теоретски тој би требало да преставува идеална туристичка форма бидејки неговите активност се одвиваат во соодное со зачувувањето на биолошкиот,социјалните и историските вредности на една дестинација. Овој облик на туристичка понуда се појавува во осумдесетите години од минатиот век со цел да создаде рамнотежа со масовниот туризам создавајки предуслови за развој на руралните во економски неразвиените подрачја богати со флора и фауна. Оваа туристичка форма може да пронајде широка примена во нацоналните паркови, зашттените подрачја и руралните предели. Туристичката ндустрија преставува специфичен начин на давање услуги и работа бидејки луѓето се наоѓаат на двете страни од процесто како клиенти и даватели на туристчки услуг со што човечките ресурси во екотуризмот преставуваат суштина на доброто работење. Правилното насочување и развивање на човечките ресурси во туризмот води кон поголемо задоволство и мотивација во работењето кое може повеќекратно да се врати со давање на дополнителни услуги на турстите. Целта на овој научен труд е да се насочи вниманието на туристичката индустрија во Република Сверна Македонија на значењето и важноста на човечките ресурси при правилниот развој на Екотуризмот во

дестинацијата. Негативното влијание во развојот на масовнот туризам и значењето на Екотуризмот во оддржливоста на дестинацијата како и неговото позитивно влијание во локалниот економски развој.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во обработка на исклучително актуелна тема во македонскиот туристички сектор и пошироко односно значењето на човечките ресурси во еко-туристичката понуда. Научниот труд дава насоки на среднорочен развој како и дополнителни насоки на градење на дестинациите преку долгорочно планирање и развој на човечките ресурси.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно давателите на еко-туристички услуги во дестинацијата, нивниот развој како и потребата од дополнителни вештини и знаења специфични за еко-туризмот. Научниот труд насочува кон создавање на долгорочна стратегија за развој на човечките ресурси која би била дел од државната стратегија на долг рок.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**2.3. Оценка на севкупната научна дејност**

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и го афирмираат д-р Љупчо Јаневски како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, д-р Љупчо Јаневски , опфаќа 17 научни трудови, од кои повеќето се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на туризмот, екотуризмот, менаџментот и економија.

Кандидатот е вклучен и во 2 меѓународни научно-истражувачки проекти каде спроведува научни истражувања и анализи како дел од меѓународен тим на истражувачи.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на туризмот, за кое се предлага во наставно-научно звање доцент. д-р Љупчо Јаневски успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги

надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од обласа на туризмот и економија и друго.
Д-р Љупчо Јаневски поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.
Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Љупчо Јаневски е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од обласа на туризмот и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.
Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***10 години активна во научно-истражувачката работа;***
- Изработил и одбранила докторска дисертација;
- Објавил вкупно 17 научни трудови — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на туризам;
- Учествувал како експерт консултант на 1 научно-истражувачки проекти финансирани од УСАИД во 2024-2025 година
- Учествува во научното истражување за „Сина Економија“ и влијанието врз развој на туризмот во рамките на ССКМ како дел од меѓународен проект во повеќе регионални и европски земји во 2026 година во тек

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на д-р Љупчо Јаневски по својот оспег, квалитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат полето на туризмот и научната мисла и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, д-р Љупчо Јаневски , е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека неговите научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на туризмот, екотуризмот, промоцијата и дестинацискиот менаџмент и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот д-р Љупчо Јаневски во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, научно-истражувачко поле 5.02 Економија и бизнис, област 5.02.00.03 – Менаџмент и бизнис во согласност со условите дефинирани во Член 166 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018).

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, д-р Љупчо Јаневски, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи техники и концепти заради унапредување на дестинацискиот менаџмент и алтернативните форми на туристичка понуда и иновирање на делувањето на современите туристички текови.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на туризмот,руралниот туризам, екотуризмот и одржливоста на дестинацијата. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес (еко-туризам, туристичка промоција, одржливост на дестинацијата и др), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот туристички развој на државата.

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Љупчо Јаневски, увид во објавените трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 3 од Законот за Високото образование на Република Северна Македонија во врска со Општите услови за избор во наставно-научно звање доцент:

1. Кандидатот **д-р Љупчо Јаневски** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **д-р Љупчо Јаневски** има претходен избор во звање насловен доцент.
3. Кандидатот **д-р Љупчо Јаневски** има објавени поголем број на рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот во последните пет години пред објавување на огласот.
4. Кандидатот **д-р Љупчо Јаневски** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

5. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **д-р Љупчо Јаневски** и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
6. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
7. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на туристичките дисциплини на Универзитетот Скопје во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за Информатика** на **Универзитетот Скопје Скопје, д-р Љупчо Јаневски** да го избере во наставно-научно звање **доцент** во научно-истражувачкото подрачје научно подрачје 5 Општествени науки, научно поле 5.02 Економија и бизнис, 5.02.00.08 Туризам и угостителство на Факултетот за информатика на Универзитетот Скопје Скопје.

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Аце Миленковски, ректор и редовен професор на Универзитет Скопје, претседател, с.р.**

**Д-р Сашко Граматниковски, декан и редовен професор на Универзитет Скопје, член, с.р.**

**Д-р Дејан Наковски, вонреден професор на на Универзитет Скопје, член, с.р.**